РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1183/6
20-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 35-тата седница одржана на 16.07.2026 ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Предметот заведен под број 09-2065/1 од 31.07.2025 година, оформен по поднесена пријава против службеното -----, член на Советот на општина -----, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи наводите од пријавата се потврдуваат но поради промена на фактичката состојба нема прекршување на одредбите од ЗСКСИ по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-2065/1 од 31.07.2025 година, е оформен врз основа на пријава од анонимен подносител во која се изнесуваат наводи за постоење судир на интереси.
Во пријавата е наведено дека лицето ------ е избрано за вршење на функцијата член на Советот на општина -----, но исто така лицето било назначено за член на Управниот одбор на --------.

Постапувајќи по поднесената пријава и целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија прибираше податоци и документација, по што го утврди следното:

Лицето ------- за член на Управниот одбор на ---------------- било именувано од страна на Универзитетот "---------- како претставник на Универзитетот каде што Студентскиот дом е придружна членка. Со Одлука бр.02-111/4 на Управниот одбор на --------- од 13.03.2025 година, горенаведеното лице било избрано за претседател на Управниот одбор на домот.
Службеното лице -------- на ден 23.09.2025 година има поднесено оставка од член и претседател на Управниот одбор на Државниот студентски дом ---------, со Решение бр.02-

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

262/1 од 23.09.2025 годин донесено од страна на Ректорот на Битолскиот Универзитет --------. Наведеното лице во законски определен рок од денот на престанокот на функцијата член на Управен одбор на Државниот студентски дом ---------, не поднело изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија.

Согласно наведеното, Државната комисија констатира дека од страна на лицето --------- е сторен прекршок на член 82 став 3 од ЗСКСИ, казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон, по што согласно Законот за прекршоците, Државната комисија состави Записник за констатиран прекршок со бр.09-1183/3 од 06.04.2026 година и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог бр. 09-1183/4 од 06.04.2026 година.

Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваната во законски определениот рок изврши уплата на глоба по издаден прекршочен платен налог.

Истото лице од страна на општина ------ е именувано за вршење на функцијата член на Советот на општина ----- со Решение број 09-4169/2 од 09.11.2021 година. Врз основа на доставениот писмен допис, службеното лице ------- извршува само една функција член на Советот на општина -----.

Имено, после утврдување на фактичката состојба, Државната комисија констатира дека наводите од пријавата се потврдуваат, но настаната е промена на фактичката состојба, по што лицето --------- извршува само една функција член на Советот на општина ------.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar